Македонскиот центар за соработка (МЦМС) ја објави **публикацијата** *„Одговор на потребите на граѓаните погодени од Ковид-19“* која содржи **15 успешни акции** против Ковид-19, спроведени од **граѓански организации** добитници на **Ад-хок грантови** на програмата Цивика мобилитас.

Во **центарот на постигнувањата** се луѓето: жени и деца жртви на насилство, работниците, учениците соочени со проблемите за пристап до образование, младите, воспитувачите, сиромашните и маргинализирани по различни основи итн., сите сериозно погодени од пандемијата.

Ад-хок грантовите претставуваа итна реакција за граѓаните на кои им беше потребна помош за време на првиот Ковид бран во земјава. Година-и-пол подоцна се уште трае борбата со Корона вирусот, но оваа публикација со успешни акции, може да биде мотивација за позитивно дејствување за секоја организација.

Публикацијата прочитајте ја ТУКА.

Ад-хок грантовите на Цивика мобилитас за справување со пандемијата Ковид-19 беа доделени во април 2020 година во вкупна вредност од 1,426,431 МКД.